MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2008 Бр. Q-1091/0

Бр. 08-4301/2
03.03.2020 год.

## РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 28-та седница одржана на ден 29.02.2020 година донесе

***Одлука***

Се ЗАПИРА постапката за проверка на податоците за имотната состојба на _______________, поранешен министер во Владата на Република Македонија, бидејќи именуваното лице е починато.

Предметот со број 08-4301/1 од 16.09.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Предметот број 08-4301/1 од 16.09.2019 година е оформен врз основа на Годишниот план за проверка на имотната состојба и судирот на интереси за 2019 година, со кој, покрај останатите, е утврдено да се провери имотната состојба на членовите на поранешниот состав на Владата на Република Македонија, меѓу кои и _______________, поранешен министер за _____________.

Со оглед на фактот дека лицето _____________ е починато на ____________-година, Државната комисија констатира дека е беспредметно нејзиното постапување во конкретниот случај.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изработил: Адем Чучуљ, советник
Одобрил: Катица Николовска, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk